Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 332/0306
25.08 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 18 август 2020 година, врз основа на примена жалба од Џелал Незири, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „Инфомагазин.нет“, со текстот насловен „Përse i frikësohen `analistët politik të BDI-së`, daljes së BDI-së në opozitë?“ („Зошто политичките аналитичари на ДУИ се плашат партијата да оди во опозиција?“), го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 јули 2020 година, Џелал Незири поднесе жалба за текстот со наслов Përse i frikësohen `analistët politik të BDI-së`, daljes së BDI-së në opozitë? („Зошто политичките аналитичари на ДУИ се плашат партијата да оди во опозиција?“) објавен на 27 јули 2020 година, на интернет – порталот „Инфомагазин“ (www.infomagazin.net).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и незастапена втора страна.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Инфомагазин“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА**

На седницата на 18 август 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст без автор. Содржината е еднострана и тенденциозна и не може да се протолкува поинаку, освен како обид за јавна дискредитација на двајца политички аналитичари, во случајов, на Селадин Џезаири и Џелал Незири, кои се и жалители во постапката пред Советот за етика.

Авторот на текстот изнесува сериозни квалификации и тврдења за наводна блискост на Џезаири и Незири со политичката партија ДУИ, написи кои одат дотаму дека за бранење на политиките на партијата двајцата имале и финансиски придобивки.

Медиумот воопшто не се обидел да ја провери информацијата и да го испочитува основното новинарско правило, да побара став од засегнатите страни, во случајов, од Џезаири и Незири од една, или пак, од партијата ДУИ од друга страна, за чија наводна спрега пишува порталот. Еднострано обработениот текст не само што не нуди објективна информација и согледување на различни аспекти на темата, туку отвора опасност и за манипулации и дезинформирање на јавноста.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот на „Инфомагазин.мк“ е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во следната реченица:

***Првично, за време на кампањата, политичкиот аналитичар Џелал Незири постојано се залагаше за одбрана на интегративците, понекогаш критикувајќи ја албанската опозиција, а понекогаш и лидерот на СДСМ, Зоран Заев. Во одбрана на ДУИ се ставаше и Селадин Џезаири, водител на емисијата „Клан Дебата“, кој е многу близок со интегративците. Потсетуваме дека политичкиот Институт предводен од овие двајца аналитичари, за време на предизборната кампања, доби 13.000 евра за ДУИ да се претставува како победник во предизборните анкети.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот „Инфомагазин.нет“ (www.infomagazin.net), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595